Универзитет „Гоце Делчев" - Штип

# УНИВЕРЗИТЕТСКИ БИЛТЕН

Број 60, 16 мај 2011 година

мај 2011 година
Штип

## С О Д Р Ж И Н А

**ПРЕГЛЕД** на наслови на теми за изработка на магистерски/специјалистички труд-одобрени од наставно-научниот совет на единицата ........ 3

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во насловно звање доцент/вонреден професор за наставно- научната област електротехника на Електротехнички факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 4

**РЕФЕРАТ** за избор на помлад асистент/асистент од областа транспортна механизација на Машински факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 7

**РЕФЕРАТ** за избор на помлад асистент во наставно-научната област енологија на Земјоделски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 10

**РЕФЕРАТ** за избор на асистент во областа машинство на Машински факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 13

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во сите звања за наставно-научните области електротехника и електромашинство на Електротехнички факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 17

**РЕФЕРАТ** за избор на еден наставник во насловно звање доцент/ вонреден професор за наставно-научната област стоматологија на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 27

**РЕФЕРАТ** за избор на еден соработник во звање асистент/помлад асистент за подрачјето биотехнологија на Земјоделски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 36

**РЕФЕРАТ** за избор на асистент за научната област дизајнирање на текстил и облека - на Технолошко-технички факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 41

**РЕФЕРАТ** за избор на еден наставник во сите звања за наставно - научната област финансии и банкарство на Економски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 44

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот за учебно помагало „Практикум по основи на природните науки за одделенска настава“ од д-р Снежана Ставрева-Веселиновска и асистент Милена Ѓокиќ, Педагошки факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 60

Издавач:
Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип

Главен и одговорен уредник: проф. д-р Саша Митрев
Уредници: проф. д-р Блажо Боев, м-р Ристо Костуранов
Лектор: Даница Гавриловска-Атанасовска
Техничко уредување: Славе Димитров, Благој Михов

**Р Е Ц Е Н З И Ј А**

**НА РАКОПИСОТ ЗА УЧЕБНО ПОМАГАЛО „ПРАКТИКУМ ПО ОСНОВИ НА ПРИРОДНИТЕ НАУКИ ЗА ОДДЕЛЕНСКА НАСТАВА“ ОД Д-Р СНЕЖАНА СТАВРЕВА-ВЕСЕЛИНОВСКА И АСИСТЕНТ МИЛЕНА ЃОКИЌ, ПЕДАГОШКИ ФАКУЛТЕТ, УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ – ШТИП**

Врз основа на член 63 од Законот за високото образование („Сл. весник на РМ“ бр. 35/08, 103/08, 26/2009, и 99/2009, 115/2010 и 17/2011 год), а во согласност со точка 6 од правилата за издавање на учебници и учебни помагала (Универзитетски гласник бр. 12, декември 2009 год.), Наставно-научниот совет на Педагошкиот факултет во Штип на 3-та седница, одржана на 5.5.2011 година, донесе Одлука за избор на рецензенти за издавање на Практикум по предметот Основи на природните науки.

За рецензирање на ракописот „**Практикум по основи на природните науки“** од авторите д-р Снежана Ставрева-Веселиновска (автор) и асистент Милена Ѓокиќ (коавтор) се избрани следниве рецензенти:

1. проф. д-р Верица Илиева, вонреден професор на Земјоделскиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев” - Штип и
2. проф. д-р Соња Петровска, вонреден професор на Педагошкиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев” – Штип.

По прегледот на приложениот ракопис за учебно помагало „Практикум по основи на природните науки“ од авторите д-р Снежана Ставрева-Веселиновска (автор) и асистент Милена Ѓокиќ (коавтор), наменет за студентите од насоката Одделенска настава – прв циклус студии на Педагошкиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, Комисијата го поднесува следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

Ракописот за учебно помагало „Практикум по основи на природните науки“ од авторите д-р Снежана Ставрева-Веселиновска и асистент Милена Ѓокиќ е компатибилен со Наставната програма на предметот Основи на природните науки, што се изучува на Педагошкиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип, во I семестар на додипломските студии. Предметот, согласно со Наставната програма за учебната 2008/2009 година се вреднува со 4 кредити.

Ракописот е напишан на А4 формат, нормален проред, фонт Ariel со македонска поддршка, големина на буквите 12. Текстот е подготвен според пропишаната Наставна програма и барањата кои се поставуваат пред студентите и кои се однесуваат на практична реализација на наставните часови во рамките на предметот Основи на природните науки. Во таа смисла, во Практикумот детално се разработени 12 вежби и соодветно на тоа секоја од нив има упатства за пополнување на истите, со цел да го водат студентот низ реализацијата на практичните активности.

Пишаниот материјал ја третира проблематиката на еден од поважните сегменти во педагошката работа, во делот од природните науки, а тоа е подготовката и планирањето на воспитно-образовниот процес. Во процесот на подготовка на наставата доаѓа до ефектуирање на целокупните знаења и капацитети на наставникот. Преку примена на соодветни пристапи, методи и форми на работа, во непосредната апликација на воспитно-образовните содржини, преку кои се реализираат поставените цели и задачи на наставата, доаѓа до израз стручната подготвеност на наставникот да ја организира воспитно-образовната работа во одредено предметно подрачје, како што се и природните науки.

Основи на природните науки претставува еден од неколкуте фундаментални воспитни подрачја. Имајќи ја предвид огромната позитивна улога на содржините од ова воспитно-образовно подрачје, посебно се нагласува потребата од соодветна подготовка на

воспитно-образовниот процес. Реализацијата на задолжителните активности од областа на природните науки претставува специфичен процес кој бара и специфични материјално-технички и организациски основи, како и кабинети за реализирање на експериментална и лабораториска работа. Во еден вака сложен процес на мултидимензионално делување на воспитно-образовните содржини, врз развивање на различни сегменти на детската личност, аплицирани во специфични просторни услови, особено доаѓа до израз потребата од квалитетна организација и подготовка на активноста, посебно во делот на подготовката на задолжителната активност по природните науки.

Во овој практикум на еден многу конкретен начин, преку приказ на соодветни примери, се даваат извонредно јасни упатства како да се подготви студентот - идниот наставник за реализација на задолжителната активност во наставните предмети кои во себе содржат содржини од областа на природните науки.

Пратикумот е структуриран во 12 вежби кои се однесуваат на анализана набљудувана насочена активност по Основи на природните науки, подготовка на насочена активност по Основи на природните науки и критички осврт на набљудувана насочена активност по Основи на природните науки реализирана од страна на студент - колега.

Во почетокот на секоја вежба, покрај оставените празни места на кои треба студентот да даде точен одговор, како и да ја обележи сликата која е во согласност со содржината на дадената вежба, јасно и концизно се образложени основните поими и целите кои се однесуваат на вежбата, а која е во тесна корелација со содржините од учебникот „Основи на природните науки“. Студентот располага со претходните сознанија кои се услов за успешно пополнување на поставените барања. Во секоја целина е интегриран дел именуван како упатство за пополнување на обрасците, чија цел е насочување на активноста на студентите кон ефикасно исполнување на барањата во Практикумот.

Првата вежба се однесува на **Градба и структура на прокариотска и еукариотска клетка.** Според авторите, цел на анализата на набљудуваната менторска активност е согледување и нотирање на сличностите и разликите на структурата на прокариотската и еукариотската клетка. Студентот има критички и систематски пристап кон воочување на сличностите и разликите кои се битни за ефикасна реализација на насочената активност во областа на природните науки, како и стекнување на искуства за поефикасна самостојна реализација.

Во втората вежба, која е со наслов **Структурна организација кај еукариотската клетка**, со едноставен, лесен и разбирив стил детално е објаснета структурата на еукариотската клетка, како и градбата и функцијата на некои од клеточните органели, како што се јадро, клеточна мембрана, митохондрии и ендоплазматичен ретикулум. Студентите треба да дадат точен одговор на поставените прашања, како и да ги обележат составните делови на клетката и нејзините компоненти.

Третата вежба **Структурна организација кај растителната клетка** ја објаснува структурата на растителната клетка, како и структурата на органелите кои се карактеристични само за растителната клетка – клеточниот ѕид, вакуолата и пластидите.

Во четвртата вежба **Клеточен циклус** преку посебен опис на секоја одделна фаза од митотската и мејотската делба се објаснети процесите на делење на телесните (соматските) клетки и создавањето на половите клетки. Покрај теоретско дообјаснување, вежбата содржи и задачи кои треба да ги решат студентите, преку давање одговори на поставените прашања и цртање на фазите од митоза и мејоза.

Во петтата и шестата вежба се разработуваат **основните видови на животински и растителни ткива**. Седмата вежба го објаснува процесот на **Фотосинтеза**, каде преку решавање на поставените задачи се развива креативноста и критичкото размислување на студентите преку поврзување на претходно стекнатите знаења за градбата и структурара на растителната клетка и ткивата кај растенијата.

Од осмата до единаесеттата вежба се разработени темите од физиологија на човекот **(Жлезди со внатрешно лачење, Респираторен систем, Дигестивен систем, Екскреторен систем, Кардиоваскуларен систем, Нервен систем).**

Дванаесеттата вежба ја објаснува **систематиката и филогенијата на животинските организми**, почнувајќи од invertebrate па сè до mamalia, на чиј врв се наоѓа Homo sapiens.

Од содржински и методичко-дидактички аспект во секоја поединечна вежба во практикумот, јасно се воочува водењето на студентите кон постигнување на резултатите/ исходите од учењето, што дава можност за успешен избор на методи за вреднување на истите.

На крајот, соодветно се нотирани сите библиографски единици кои се цитирани во текстот.

Може да се констатира извонредна систематичност во презентирањето на содржините на Практикумот. Авторите покажуваат големи стручни и научни познавања на третираната проблематика. Начинот на презентирање на овие сложени прашања на подготовка на наставниот процес е многу пристапен со примена на јасни примери од непосредната практика, што овозможува стекнување на многу јасна слика за подготовката на наставниот час по Основи на природните науки.

Сметаме дека материјалот, како учебно помагало, претставува извонредна основа за подготовка на студентите во делот на практичните и теоретските барања на предметот Основи на природните науки за студентите на Педагошкиот факултет во Штип.

Концизно и експлицитно презентираната проблематика на подготовката на наставниот час по наставните предмети кои обработуваат содржини од природните науки во одделенската настава во основното образование дава голема можност за користење на овој материјал од страна на директно инволвираните наставници во процесот на едукација.

## З А К Л У Ч О К

Ракописот за учебно помагало „Практикум по основи на природните науки“ од авторите д-р Снежана Ставрева-Веселиновска и асистент Милена Ѓокиќ разработува едно од покомплексните прашања во наставната практика – подготовката и практичната реализација на наставен час, како и сите останати активности кои се во функција на ефикасна практична реализација од областа на природните науки на педагошките факултети. Разработените содржини се во согласност со Наставниот план и содржините на предметот Основи на природните науки, што го изучуваат студентите од групата Одделенска настава на Педагошкиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип.

Приложениот ракопис во целост ги задоволува критериумите за учебно помагало и условите за издавање пропишани според Правилникот за единствените основи за остварување на издавачката дејност на Универзитетот „Гоце Делчев” – Штип.

**Рецензентската комисија предлага ракописот „Практикум по основи на природните науки“ од авторите д-р Снежана Ставрева-Веселиновска и асистент Милена Ѓокиќ да биде печатен како учебно помагало за потребите на студентите од групата Одделенска настава на Педагошкиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев” – Штип.**

**РЕЦЕНЗЕНТИ**

**Проф. д-р Верица Илиева, с.р.**
**Проф. д-р Соња Петровска, с.р.**